**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 17-09. 2016
Орг. единица | Број | Прилог | Вредност
10 | 4464 | 1 |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Мониторингот опфати десет изданија на ТВ Дневникот од 20 часот, со вкупно времетраење на анализираниот примерок од 4 часа 59 минути и 9 секунди. На 11 септември, поради вонредната состојба со

серијата земјотреси во Скопје и околината, Дневник 20 беше реализиран како Отворено студио. Застапени се претежно информативни жанрови (вест, вест во низа, извештај, интервјуа и изјави).

***Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ 24 ВЕСТИ | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Влада на РМ | 00:25:28 | 8,51 % |
| Собрание на РМ | 00:01:25 | 0,47 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:07:21 | 2,46 % |
| СДСМ | 00:11:39 | 3,89 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:16:11 | 5,41 % |
| Експерти/аналитичари | 01:06:38 | 22,27 % |
| Шарена револуција | 00:01:24 | 0,47 % |
| Други субјекти | 00:52:47 | 17,64 % |
| Демократски сојуз | 00:04:16 | 1,43 % |
| Специјално обвинителство | 00:01:26 | 0,48 % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:01:02 | 0,35 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:30:35 | 10,22 % |
| Граѓански сектор | 00:11:50 | 3,96 % |
| Без субјекти | 00:35:58 | 12,02 % |
| Јавно обвинителство | 00:03:15 | 1,09 % |
| Судство | 00:02:48 | 0,94 % |
| ДИК и други органи | 00:03:34 | 1,19 % |
| Локална самоуправа | 00:01:35 | 0,53 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:07:08 | 2,38 % |
| Претседател на РМ | 00:01:54 | 0,64 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:04:50 | 1,62 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:34 | 0,19 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:34 | 0,19 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:41 | 0,23 % |
| Левица | 00:00:49 | 0,27 % |
| ППД - Политичка партија Достоинство | 00:00:49 | 0,27 % |
| Привремена комисија | 00:00:56 | 0,31 % |
| ФРОДЕМ | 00:01:03 | 0,35 % |
| ДОМ - Демократска обнова на Македонија | 00:00:39 | 0,22 % |
| | **Вкупно: 04:59:09** | **100 %** |

Телевизијата генерално се држи до принципите на професионално новинарско известување и во прилозите се обидува да бидат застапени различни политички гледишта. Временски најзастапени во Дневник 20 на ТВ 24 Вести се експерти/аналитичари од различни области (1 час 6 минути и 38 секунди) кои се консултирани за повеќето од обработените теми во централниот информативен блок, но, исто така и во Отворенотo студио што се емитуваше на 11 септември.

Овој мониторинг период го одбележаа повеќе настани од „црната хроника" – сообраќајната несреќа во Турција, авионската несреќа кај Кожле, последиците од поплавите во околината на Скопје, како и серијата земјотреси во Скопје. Најчесто во контекст на овие теми се појавуваат и органи на државна управа и јавни претпријатија, особено при известувањето за земјотресите во Скопје (Центар за управување со кризи, ЈП Водовод и канализација). Повеќе од информациите емитувани на ТВ 24 Вести се за теми поврзани со

субјекти категоризирани како *„други субјекти“* (ИЗИИС, Контрола на летање, стопанственици, бизнисмени, новинари, стопански комори, Комисија за верификација на факти итн.). Во контекст на овие теми, во повеќе од вестите и посебно во репортерските јавувања од терен, често граѓаните преку изјави и анкети, се појавуваат како извор на информации (категоризирани како *„без субјекти“).*

Изборот на темите и на новинарскиот пристап во континуитет главно беше диктиран од неколку настани со широко општествено-политичко значење, што сепак не беа поврзани со потреба од медиумско претставување партиски политички активности. Имено, во фокусот беа – поплавите, присилната наплата на радиодифузна такса од страна на УЈП и изјави од засегнати граѓани со мерката на УЈП, почетокот на учебната година, организацијата и реализацијата на низа свечености поврзани со чествувањето на „8 Септември“, Денот на независноста на Република Македонија, протоколот и прогласувањето на скопјанката Мајка Тереза за светица, како и веќе споменатите два настана од т.н. „црна хроника“ – настани што ги ангажираа структурите на МВР и на МНР.

Политичките партии се појавуваат малку, најзастапени се СДСМ, ВМРО ДПМНЕ и Демократски сојуз.

Детално е обработена темата „Етиката во медиумите и етиката во општеството“, новиот уреднички курс на МТВ со интервју на новата уредничка на Информативната програма – Санта Аргирова, политичкиот договор од Пржино - старт на функционирањето или опструкции, министерските смени и спорните вработувања во МВР, посебен фокус се стави на избирачкиот список и дали на избирачките листи ќе има претставници од граѓанското движење „Шарена револуција“, каква ќе биде разврската со шестата изборна единица, работата на СЈО, дополнителните задолжувања на Владата со мислење на експерти и став на дополнителниот заменик-министер за финансии Кире Наумов.

Содржинскиот опсег на овие теми и настани, што ги поврза интересите на македонската и на меѓународната јавност, го диктираше изборот доминантно на информативните (фактографски) новинарски жанрови – вест, вест во низа, извештај. Евидентирани се и бројни интервјуа во централниот дневник на актуелни теми со релевантни соговорници.

Иако, Дневникот од 22 часот не е предмет на анализа за овој извештаен период, сепак, посочуваме дека со мониторингот беше констатирано оти ТВ 24 Вести, во рамки на овој Дневник, секојдневно емитува интервјуа со претставници на различни политички партии на тема „Политички плурализам – партиски погледи“, низ кои на публиката и понуди поголем обем различни политички ставови и гледишта. Во мониторираниот период беа емитувани интервјуата со Стојанче Ангелов од Достоинство, Љубчо Георгиевски од ВМРО НП, Рубин Земон од Алијанса за позитивна Македонија, Горан Милевски од ЛДП.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| 24 Вести | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Собрание на РМ | 00:00:23 | 0,38 % |
| Влада на РМ | 00:04:05 | 4,03 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:01:29 | 1,46 % |
| СДСМ | 00:05:09 | 5,08 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:02:10 | 2,14 % |
| Експерти/аналитичари | 00:44:46 | 44,18 % |
| Демократски сојуз | 00:02:16 | 2,24 % |
| Други субјекти | 00:16:56 | 16,71 % |
| Специјално обвинителство | 00:00:22 | 0,36 % |
| Граѓански сектор | 00:06:48 | 6,71 % |
| Судство | 00:01:00 | 0,99 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:09:51 | 9,72 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:28 | 0,46 % |

| | | |
|---|---|---|
| Министри/заменици од СДСМ | 00:02:56 | 2,90 % |
| НСДП - Нова социјалдемократска партија | 00:00:22 | 0,36 % |
| Шарена револуција | 00:00:30 | 0,49 % |
| Левица | 00:00:31 | 0,51 % |
| Политичка партија Достоинство | 00:00:32 | 0,53 % |
| Демократска обнова на Македонија | 00:00:19 | 0,31 % |
| Претседател на РМ | 00:00:26 | 0,43 % |
| | **Вкупно = 01:41:19** | 100 % |

Во однос на известувањето кое би требало да оди во прилог на медиумско прикажување плуралитет политички партиски ставови за дневни теми и настани, забележливо е дека во централниот Дневник 20 на 24 Вести, најмногу простор за директни обраќања е одвоен за експерти/аналитичари (44 минути и 46 секунди), а потоа за други субјекти (16 минути и 56 секунди). Од политичките партии најмногу директни обраќања има СДСМ (5 минути и 9 секунди). Ставовите и мислењата на третираните теми - од владејачката ВМРО ДПМНЕ и од структурите од власта најчесто се изразени преку соопштенија и пренесени ставови.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

Во текот на десетдневниот мониторинг емитувана е информативно контактната програма *Очи в очи* која се емитува секој ден, освен сабота и недела, и опфаќа директни вклучувања на гледачи во емисијата кои го изразуваат своето мислење на одредена тема од политичкото и општественото живеење, со повеќе репризни изданија.

Во мониторираниот период, гледачите го изразуваа своето мислење на следниве теми:

На 2 септември 2016 година, со почеток во 8 часот се емитуваше репризно издание со наслов „1-ви Септември, политичарите седнаа во кампањските клупи".

На истиот датум, се емитуваше ново издание на тема „Нов уреднички курс на МТВ – дали јавниот сервис ќе одговори на потребите на граѓаните". Репризно издание бележиме на 5 септември 2016 година, со почеток во 8 часот и 10 минути.

На 5 септември 2016 година, нова емисија на тема: „Прогласување на Мајка Тереза за светица" дали е таа најпозната личност во светот од Македонија? Репризата е на 6 септември 2016 година, со почеток во 8 часот и 8 минути.

На 6 септември 2016 година, нова емисија на тема: „Декларативно Македонија бизнис рај, но 40% од фирмите се жалат". Репризата е на 7 септември 2016 година, со почеток во 8 часот.

На 7 септември 2016 година, нова емисија на тема: „УЈП ќе блокира 85.790 сметки за РДТ, скапа такса или лоша програма?" Две репризни изданија од кои првото е на 8 септември 2016 година, со почеток во 8 часот и 10 минути, а второто на 9 септември 2016 година, со почеток во 8 часот.

На 9 септември 2016 година, се емитуваше ново издание на тема: „Се гради по стандарди или хаотично, какви можат да бидат последиците?"

Во информативниот интернет магазин *Трета порта* се пренесуваат колумни и статуси на социјалните мрежи на актуелни теми („Шарената револуција на листите на СДСМ", „Заев на фудбалски натпревар на Шкендија", „Пирани во Дојран", „Одлуката на македонските власти да постапат по барањето на Турција за затворање на дел од мрежата на Ѓулен", „Политичка криза и избори" итн.). *Трета порта* се емитуваше на 5 септември 2016 година, 7 септември 2016 година и 8 септември 2016 година.

*Тренд – економија и бизнис* се емитува еднаш неделно со повеќе репризни изданија во другите денови. Во мониторираниот период од 02.09.2016 до 11.09.2016 реализирани се две емисии.

Првата е дебата со Павле Трајанов од Демократскиот Сојуз и Маријанчо Николов од СДСМ на тема прекројување на буџетот која премиерно се емитуваше на 4 септември 2016 година, со почеток во 18 часот. Освен ова, реализирано е индивидуално интервју со пратеникот од ВМРО ДПМНЕ Крсте Муковски (4 минути 35 секунди). Водителката Анета Додевска информира дека Мукоски бил поканет да учествува во дебатната емисија, но одбил и побарал да му биде направено интервју кое е објавено во рамките на дебатната емисија. Се бележат 2 репризни изданија на 5 септември 2016 година, од кои едното е со почеток во 5 часот, а второто издание во 13 часот, третото репризно издание се емитуваше на 11 септември 2016 година, со почеток во 10 часот.

Втората емисија на *Тренд – економија и бизнис* се емитуваше на ден 11 септември 2016 година, со почеток во 18 часот и 12 минути. Тема: дури 42 отсто од фирмите имаат проблем при наплатата на побарувањата, но во прашање не е само наплатата во каналите на приватниот сектор туку и од јавниот, оној државниот. Анкетата на стопанската комора практично ги потврди спорадичните аларми што доаѓаа од дел од бизнисмените дека фирмите сепак се соочуваат со финансиски проблеми. Се емитуваат изјави од Билјана Пеева Ѓуриќ – директорка на Дирекцијата на здруженија според дејности при Стопанската комора, Неби Хоџа - претседател на Стопанската комора на Северозападна Македонија и од Кире Наумов – дополнителниот заменик-министер во Министерството за финансии.

*<u>Интервјуа</u>*

Реализирани се повеќе интервјуа со неколку репризни изданија во емисијата *Патот до успехот* со личности од политичкиот и општествениот живот.

На 3 и на 10 септември 2016 година, емитувани се репризни изданија на интервју со Сашо Ордановски (новинар).

На 3 и двапати на 4 септември 2016 година, беше емитувано интервју со Ѓорѓи Константиновски (почесен член на МАНУ).

На 6, 10 и двапати на 11 септември 2016 година, беше емитувано интервју со Ристо Лазаров (новинар) и Александар Стиков (пензиониран спортски новинар).

Во специјалното издание на емисијата „25 години независност" емитувана на 8 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, авторот Мишко Иванов имаше интервјуа со поранешниот премиер во Владата на Република Македонија Љубчо Георгиевски, првиот претседател на Собранието на РМ Стојан Андов и со поранешниот гувернер во НБРМ Петар Гошев. Репризното издание се емитуваше на 9 септември со почеток во 1 часот по полноќ.

*<u>Дебатни емисии</u>*

Дебатните емисии се застапени секојдневно во програмската шема на ТВ 24 Вести со повеќе репризни изданија во текот на денот како и во деновите на викенд.

*Анализа 24* се емитува секој ден со различни соговорници, најчесто со спротивставени ставови.

На 2 септември 2016 година, со почеток во 11 часот, емитувана е реприза на дебатата на тема „Етика во медиумите – етика во општеството", учествуваа: Жанета Трајковска (ИКС), Теофил Блажевски (Комисија за жалби во Советот за етика) и Марина Тунева (извршна директорка на Советот за етика).

Во *Анализа 24* емитувана на 2 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, дебатата е на тема: „Дали минимум обезбедените услови од договорот на лидерската четворка ќе обезбедат фер и кредибилни избори и што потоа", дебатираа Владимир Божиновски и Рамадан Рамадани. Двете репризни изданија на емисијата се на 3 септември со почеток во 1 часот по полноќ и на 6 септември во 11 часот.

На 5 септември 2016 година, со почеток во 11 часот, емитувано е репризното издание во *Анализа 24* каде гости беа универзитетскиот професор Ѓорѓи Спасов и уредникот-коментатор во Утрински весник Љупчо Поповски. Темата на дебатата беше: „Договорот е потпишан, Македонија оди на предвремени парламентарни избори".

На 5 септември 2016 година со почеток во 21 часот, се емитуваше ново издание во *Анализа 24* на тема: „Што се случи со досието „Шпион" откако СЈО го презема случајот во своја надлежност?" Гости во дебатата беа адвокатите Сашо Дуковски и Еленко Миланов. Две репризни изданија, од кои едното се емитува на 6 септември 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ и второто на 7 септември 2016 година, со почеток во 11 часот.

На 6 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, емитувана е дебатата во *Анализа 24* на тема „Лустрација". Гости во дебатата беа Градимир Јовановиќ, новинар и Владимир Милчин, режисер. Забелешка од авторот на емисијата дека неколкупати бил поканет во емисијата да гостува претседателот на Комисијата за лустрација, Томе Аџиев и дека останува отворена поканата. Репризното издание е на 7 септември 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ.

На 7 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, во *Анализа 24* е емитувана дебатата на тема: „Избирачки список". Гости беа Александар Новаковски (поранешен претседател на ДИК) и Џабир Дерала (НВО Цивил). Водителката информираше дека бил поканет и Александар Чичаковски, актуелен претседател на ДИК, но тој ја одбил поканата со образложение дека има службени обврски. Има две репризни изданија, од кои првото е на 8 септември 2016 година, со почеток во 1 часот по полноќ и второто на 9 септември 2016 година, со почеток во 11 часот.

На 9 септември 2016 година, со почеток во 21 часот, темата на дебатата во *Анализа 24* беше: „Бизнисмените трпат штети од поплавите". Гости беа бизнисмените Реџеп Јусуфи и Бекир Ферати и Неби Хоџа, претседател на Стопанската комора на Северозападна Македонија. Едно репризно издание емитувано на 10 септември 2016 година, со почеток околу 1 часот по полноќ.

*Анализа 24* (како отворено студио, емитувано беше и на 11 септември) на тема: Земјотресите во Скопје, гости во студиото: Мирослав Грчев (архитект), Вера Чејковска (сеизмолог) и Орхидеја Шурбановска (психолог).

***Сектор за програмски работи***